# Пролетен турнир во неколку спортски дисциплини

Синдикатот на РЕК Битола организираше пролетен турнир во неколку спортски дисциплини на кој учествуваа вработени во комбинатот.  Покрај стандардните натпреварувања, како пикадо и мал фудбал, годинава свежина внесоа куглањето во машка и женска конукренција и особено турнирот во бељот.

Куглањето беше посебно доживување за натпреварувачите кои си ги одмерија силите во кугланата на Спортската сала Боро Чурлевски, а турнирот во бељотот, пак, привлече големо внимание. 16 пара се надмудруваа кој е подобар познавач на традиционалната битолска игра со карти – бељот, на брегот на Преспанското езеро во битолското феријално одморалиште во Претор. Во пријатен амбиент се картаа, се дружеа, го заживеаа на кратко кампот од младоста и се потсетија на старите, добри времиња.

Пласманот по дисциплини и конкуренции е следен:

Во пикадо жени најмногу бодови собра и го освои првото место Бети Десоска, второпласирана е Снежана Гелиќ, а на третото место заврши Елена Банаковска.

На турнирот во куглање, најмногу кегли меѓу жените собори Нада Чалеска Богоевска и го освои првото место пред второпласираната Тања Ничков и третопласираната Наташа Велјановска.

Кај мажите, првото место во куглање му припадна на Роберт Димовски, второто на Благојче Марковски, а на третото место заврши Пеце Шереметковски.

На турнирот во бељот, најдобар карташки пар се Илир Елмазовски и Тихомир Груевски, второ место се Оливер Митревски и Ѓорѓи Ѓорѓиевски, а третото место им припадна на Горан Најденовски и Сашо Христовски.

Последен на програмата е турнирот во мал фудбал. Натпреварите се играат на Ракометното игралиште во Битола и по нивното завршување ќе бидат прогласени најдобрите екипи и во оваа конкуренција. За трите најдобропласирани екипи и поединци во секоја конкуренција, Синдикатот на РЕК Битола обезбеди пригодни награди.


Barmenia




AHLBORN
distribution by PROMOSTAR
AHLBO N
distribution by PROMOSTAR








1
2
3
4
ПЕЛИСТЕР
Holz !
NIKE
PUMA



